**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.08-32**
**30.01.2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањето за престанување со емитување на радио програма од Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово (арх.бр.08-207/1 од 13.01.2023 година), Изјавата од управителот на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово – Ана Арнаутовска, арх.бр.08-207/2 од 24.01.2023 година (заверена на нотар) УЗП бр.104/2023 од 18.01.2023 година и Изјавата од единствениот основач/сопственик на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово – Веселка Радинска, арх.бр.08-207/3 од 24.01.2023 година (заверена на нотар) УЗП бр.158/2023 од 24.01.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-321/4 од 27.01.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 3-та седница одржана на 27.01.2023 година, донесе

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, е имател на дозвола за радио емитување Уп1 бр.08-84 од 05.01.2015 г., со важност од 9 (девет) години (од 5 јануари 2015 г. до 4 јануари 2024 г.), за емитување преку терестријален предавател, на локално ниво (за подрачјето на општина Берово), програмски сервис музичко-говорно радио од општ формат, на македонски јазик.

На 12.01.2023 г. ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување за престанување со емитување на радио програма (арх.бр.08-207/1 од 13.01.2023 г.), со кое ја известува Агенцијата дека ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово поради финансиски проблеми од 09.09.2022 г. не емитува радио програма, како и дека повеќе нема да емитува радио програма, при што извести дека за погоренаведеното до Агенцијата ќе биде доставена и изјава заверена на нотар.

На 24.01.2023 г. по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата од ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово, беше доставена Изјава за престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон, (арх.бр.08-207/2 од 24.01.2023 година) дадена од страна на Ана Арнаутовска од Берово, во својство на управител на радиодифузерот, заверена на нотар УЗП бр.104/2023 од 18.01.2023 г., со која изјавува дека ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово поради финансиски проблеми од 09.09.2022 г. престанало со емитување на радио програма. Истиот ден, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса на Агенцијата беше доставена и Изјава за престанок на важност на дозволата за радио емитување по сила на закон, (арх.бр.08-207/3 од 24.01.2023 година) дадена од страна на Веселка Радинска од Берово, во својство на единствен основач/сопственик на радиодифузерот, заверена на нотар УЗП бр.158/2023 од 24.01.2023 г., со која изјавува дека ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово заклучно со 09.09.2022 г. престанало со емитување на радио програма. Наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2 од ЗАВМУ).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, како и напредцитираните писмени Изјави од управителот и единствениот основач/сопственик на радиодифузерот заверени на нотар УЗП бр.104/2023 од 18.01.2023 г. и УЗП бр.158/2023 од 24.01.2023 г., исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, Изјавата од управителот на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово – Ана Арнаутовска, арх.бр.08-207/2 од 24.01.2023 година (заверена на нотар) УЗП бр.104/2023 од 18.01.2023 г. и Изјавата од основачот/сопственик на ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово – Веселка Радинска, арх.бр.08-207/3 од 24.01.2023 г. (заверена на нотар) УЗП бр.158/2023 од 24.01.2023 г., а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Заклучокот арх.бр.02-321/4 од 27.01.2023 г., се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТРД СКАЈ РАДИО ПЛУС ДООЕЛ Берово и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.